Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2802-49/12 од 29.3.2011 год., донесена на 31. редовна седница на Наставно - научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 29.3.2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник ***асистент*** од научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник", на 18.3.2011 година, и во предвидениот рок се пријавила кандидатката Ванѓа Димитријева-Кузманоска - магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката **м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска** е родена на 8 април 1978 година во Штип, Р.Македонија, каде завршува основно и средно образование. Во 2006 година дипломира на Факултетот за декоративна уметност и дизајн при Универзитетот за уметност и дизајн „Јоан Андрееску" во Клуж-Напока, Романија, на насоката Моден и текстилен дизајн. Магистрира на истиот Универзитет во Клуж-Напока на насоката Моден и текстилен дизајн, на тема со наслов *„Антиката во кинематографијата и нејзиното влијание модата", на* 3 декември 2008 год. и се стакнува со научен степен **магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.**

***Работно искуство***

Од 1997 до 1999 год. работи во конфекциското претпријатие „Демикс" во Штип.

Од 2008 година до денес работи како помлад асистент на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде одговорно ги извршува задолженијата при изведување на вежбите.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:**

1. Ванѓа Димитријева Кузманоска, Култура и цивилизација на Власите низ вековите, Зборник 4 на Друштвото на писатели и уметници Власи од Македонија, Скопје, 2011, во печат (1 поен);
2. Ванѓа Димитријева Кузманоска, Носијата на жената Влаинка во минатото и денес, Зборник 4 на Друштвото на писатели и уметници Власи од Македонија, Скопје, 2011, во печат (1 поен);
3. Ванѓа Димитријева Кузманоска, Јосиф Ковачев и значењето на неговата личност во културното поле на Македонија, Зборник на трудови: Јосиф Ковачев и неговото време, Штип, 2011, во печат (1 поен).

***Учество на модни ревии***

1. Август 2007 година, Крушево, Хотел „Монтана" учество со колекција пролет-лето (1 поен);
2. Октомври 2010 година, Скопје, Интернационален фестивал за поезија Константин Белимаче (1 поен).

***Учество на работилница***

- „Активно учење во големи студентски групи неможност или предизвик?”

Програмата за развој на млад факултетски кадар (Junior Faculty Development Program-JFDP) е програма на Министерството за образование и култура при Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави. Програмата ја спроведува организацијата Американски совети за меѓународно образование (American Councils for International Education:ACTR/ACCELS).

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби по предметите: Графика и дизајн, Индивидуална работа, Основи на дизајн во текстилот, Модна креација, Историја на облека | 30 x 3 | 0,2 | **18** |
| Научноистражувачка (НИ) **и** стручно-уметничка (СУ) | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (3 во земјава/ 0 во странство) | 3 | 1/2 | **3** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учество на научен собир, концерт во земјава и во странство<br>Учество во модна ревија | 2 | 1 | **2** |
| Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР) | | | |
| **ВКУПНО** | **27** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

– наставно-образовна (НО) = 18;
– научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 9;
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 0;
– вкупно (НО + НИ + СУ + САОР) = **27** поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 130 (асистент) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог.

Од работната биографија, искуството стекнато во наставната и научноистражувачката работа, како и од целокупната активност поврзана со научната област дизајнирање на текстил и облека, кандидатката м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска ги исполнува условите за избор во звање асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека, бидејќи покажува способност за наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) активност (27 поени), што се констатира од нејзините објавени стручни трудови и учество на модни ревии.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска да биде избрана во асистент за научната област** ***дизајнирање на текстил и облека.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Винета Сребренкоска, доцент, с.р.**
**Д-р Катерина Деспот, доцент, с.р**
**Д-р Донка Барџиева-Трајковска, доцент, с.р.**